**Република Северна Македонија**
**Основен суд Струга**
**СУ-07 бр. 15/22**
**08.02.2022 година**
**С т р у г а**

Судски администратор на Основниот суд Струга, Ристо Настоски, врз основа на чл. 36.ст.1 од Законот за судска служба ( Сл. весник број 43/14 од 04.03.2018 година , бр. 198/18 од 31.10.2018 година) врз основа на објавен оглас бр 1/2021 СУ-04.бр.46/21 од 14.12.2021 година на Основниот суд Струга, а по спроведената постапка за вработување на судски службеник, Судски референт – Извршител во писарница, 1-еден извршител, на ден 08.02.2022 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**- за избор на Судски референт–Извршител во писарница**

Судскиот администратор на Основниот суд Струга, врз основа на Конечната ранг листа СУ-04.бр.3/22-4 од 03.02.2022 година од постапката за вработување и Предлог на кандидат за вработување СУ-04.бр.3/22-5 од 03.02.2022 година, доставен од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник во Основниот суд Струга за работно место Судски референт – извршител во писарница, 1-еден извршител, шифра СУД 0101Г03001, **ГО ИЗБИРА** кандидатот

**Хамиде Мена.**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за засновање на работен однос за работно место Судски референт – извршител во писарница во Основен суд Струга.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд Струга објави Оглас за вработување на еден судски службеник, Судски референт – извршител во писарница, под број 1/2021 СУ-04.бр.46/21 од 14.12.2021 година, во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“.

Од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник, во Основниот суд Струга до Судскиот администратор на Основниот суд Струга, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 35 ст. 1 од Законот за судска служба беше доставена Конечната ранг листа СУ-04.бр.3/22-4 од 03.02.2022 година од постапката за вработување и Предлог на кандидат за вработување СУ-04.бр.3/22-5 од 03.02.2022 година, за работното место Судски референт – извршител во писарница, 1-еден извршител.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 35 ст.1, му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Судски референт – извршител во писарница, 1-еден извршител и тоа кандидатот Хамиде Мена.

Судскиот администратор имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и Предлогот на кандидат за вработување доставени од Комисијата за селекција за вработување на судски службеник при Основниот суд Струга, а постапувајќи согласно чл. 36 ст.1 од Законот за судска служба го изврши следниот избор:

**За работното место Судски референт – извршител во писарница, во Основниот суд Струга, 1-еден извршител, шифра СУД 0101Г03001, го избира кандидатот Хамиде Мена.**

При изборот на кандидатот Судскиот администратор ја имаше предвид Конечната листа и предлогот од Комисијата за вработување на судски службеник, остварените резултати од административната селекција, покажаните резултати од испитот, како и од интервјуто спроведено од страна на Комисијата врз основа на што ја донесе оваа одлука.

Од Основниот суд Струга, на ден 08.02.2022 година.

**Судски администратор,**
Ристо Настоски

**Поука:** Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Основниот суд Струга, до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на писменото известување за извршен избор.
**Д-на:** Хамиде Мена

**Одлуката за избор од страна на судскиот информатичар да се објави на интернет страницата и огласната табла на судот.**